# Посебни услови за осигурување на живот за случај на смрт и доживување

Друштво за осигурување UNIQA Life а.д. Скопје, ул. Бул.ВМРО 3, 1000 Скопје, тел. 02 3228 820. факс 02 3215 128, www.uniqa.mk
Овие услови се донесени на редовна седница на Управен одбор одржана на 27.02.2019 година и со одлука бр.0202_20 се применуваат од денот на донесувањето.

**Член 1**

Овие Посебни услови за осигурување со Општите услови за осигурување на живот, се составен дел од договорот за осигурување на живот во случај на смрт или доживување кои осигурувачот го склучува со Договорувачот на осигурувањето.

Ако покрај осигурувањето на живот е склучено и дополнително осигурување од последица на несреќен случај, составен дел од договорот се и Дополнителни услови за осигурување од последица на несреќен случај со осигурување на живот Табела за определување на процент на траен инвалидитет како последица на несреќен случај (незгода).

**Член 2**

Договорувач на осигурувањето под овие услови може да биде било кое заинтересирано правно лице.

Договорувачот на осигурувањето уплатува месечна, тромесечна, полугодишна или еднократна премија на осигурување во период и на начин кој е дефиниран во полисата за осигурување.

Осигуреник е лице со заснован работен однос кај договорувачот, освен сезонските работници и работниците по договор кои не можат да бидат опфатени со оваа осигурување.

**Член 3**

**Престанок на важење на полисата за осигурување**

Во случај на откажување на договорот за вработување на Осигуреникот во предиод на важење на полисата за осигурување на живот, Договорувачот на осигурувањето писмено го известува Осигурувачот за :

- Промена на Договорувач на осигурување
- Промена на Осигуреник
- Капитализација на полисата доколку се исполнети условите
- Откуп на полиса доколку се исполнети условите

Во случај на статусни промени, престанок на работата на договорувачот на осигурувањето поради стечај или ликвидација, доколку се исполнува условот се прави капитализација на полисата.

**Член 4**

**Потребна документација**

Во случај на откажување на договорот за вработување од страна на работникот/работодавачот, потребно е да се приложи:

- Пополнето барање за промена на полиса за осигурување на живот, образец на Осигурувачот каде се наведува промената
- Оргинал полиса
- Спогодба/Решение за престанок на работниот однос

**Член 5**

Во случај на доживување право за исплата на осигурената сума има само осигуреникот.

Во случај на смрт на осигуреникот право за исплата на осигурената сума има само корисникот, наведен во полисата за осигурување на живот.

Договорувачот на осигурувањето не може да биде корисник на осигурувањето, во спротивно договорот за осигурување на живот (полисата) е ништовен.

**Член 6**

Овие услови се применуваат со Општите услови за осигурување на животот а доколку се во спротивност со нив се применуваат одредбите од овие услови.

Се што не е опфатено под овие услови се применуваат одредбите за Општите услови за осигурување на животот.

**Член 7**

Овие услови стапуваат на сила на денот на донесувањето.